Врз основа на член 4 став 1 од Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр.217/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КВОТА ЗА ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ РАБОТНО АНГАЖИРАНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

Член 1

Квотата за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Северна Македонија за 2024 година се определува во вкупна висина од 20.000 работни ангажмани (во натамошниот текст: квотата), која нема да ги опфаќа странците кои се наведени во член 5 став 2 од Законот за вработување и работа на странци.

Член 2

(1) Квотата во висина од 20.000 работни ангажмани се распределува во групи на квоти за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Северна Македонија, за следните цели:

- 19.000 ангажмани за вработување на странци во Република Северна Македонија;

- 600 ангажмани за упатени странци во Република Северна Македонија;

- 200 ангажмани за сезонско работење на странци и

- 200 ангажмани за поединечни услуги од странци.

(2) Искористеноста на квотите од став (1) алинеја 1 на овој член, се пресметува имајќи го предвид бројот на издадените работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа во календарската година без оглед на времето на важноста на таквата дозвола.

(3) Бројот на важечките работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа од став (1) на овој член, што ги издава Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по одделни намени не треба да ја надмине квотата определена со оваа одлука.

Член 3

(1) Во рамките на квотата за работни дозволи и мислењата за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа од член 2 став (1) алинеја 1 од оваа одлука, дозволите за поединечни цели ќе се издаваат согласно приоритети утврдени во член 6 од Законот за вработување и работа на странци.

(2) За нови работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои се издаваат за прв пат на странци, наменети се 11.000 ангажмани (позитивни мислења) за странски работници, кои се распределуваат на:

- 10.500 позитивни мислења за вработувања по прв пат;

- 500 работни дозволи за вработувања по прв пат.

(3) За продолжување на работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои се издаваат на странци кои веќе имаат засновано работен однос во претходната година, наменети се 8000 ангажмани (позитивни мислења) за странски работници, кои се распределуваат на:

- 7500 позитивни мислења за продолжување на вработувањето;

- 500 работни дозволи за продолжување на вработувањето.

Член 4

(1) Министерството за труд и социјална политика ја следи искористеноста на квотата за работно ангажирани странци од член 2 од оваа одлука и состојбата на пазарот на трудот.

(2) Доколку состојбата на пазарот на трудот се измени, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за труд и социјална политика презема мерки согласно член 5 став (6) од Законот за вработување и работа на странци.

Член 5

Работните дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои биле издадени до влегувањето во сила на оваа одлука, се засметуваат во квотата за работни дозволи од член 2 став (1) од оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1026/2
16 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.